

**ДЕЛ ОД МОНОГРАФИЈАТА „СИЛЈАН МИЦЕВСКИ“ ОД АВТОРИТЕ СЛАВЕ НИКОЛОВСКИ - КАТИН И ЃОРЃИ ЛУМБУРОВСКИ**

Од турски документи може да се види дека исламизацијата во Битола и Битолско зела поширок замав дури во XVI век. Меѓутоа, дејноста на хритијанските свештеници - калуѓери и епископи не престанала. И покрај слабеењето на турското царство во XVII век, Битола продолжила да се развива и да добива изглед на убав град во тогашно значење на овој поим.

Венецијанскиот пратеник А. Бернард, турскиот географ Хаџи Калсра и патпописецот Евлија Челебија ја опишуваат ја опишуваат Битола како важен трговски и културен центар, со околу 3.000 куќи, 900 продавници и работилници, 40 гостилници, голем број џамии, неколку поскормни цркви, монументален Безестен, а подоцна и градски часовник (Саат-кула). Во градот се вршела трговија со жито, кожи, восок, волна, памук, градежен материјал, борина, катран и занаетчиски производи.

Треба да се одбележи дека битолскиот митрополит Арениј, по потекло Македонец, во 1763 година бил избран за последен охридски архиепископ на самостојната Охридска архиепископија.

Во XIX век Битола постигнала забележителен успех Стопанството е во голем подем, а бројто на жителите се зголемил за неколкупати. Во 1840 година била седиште на Санџак. Кога турските власти го префрлиле седиштето на Румалијскиот пашалак од Софија во Битола, градот станал еден од најголемите административни и воени средишта во европска Турција и голем воен гарнизон. Според патеписецот Ами Буе, во 1836 година градот имал околу 40.000 жители. Обемните градежни зафати за

потребите на војската и административниот апарат предизвикале расцут на голем број занаети.

Навлегувањето на новите капиталистички односи не само што ја развиле, туку и ја осовремениле трговијата во Битола. Битолските трговци одржувале врски со италија, Автрија, Англија, Франција, Романија, Египет и други. Тие имале свои филијали во Солун, Виена, Лајпциг, Трст, Одеса и други трговски центри. Бројот на работилниците и продавниците во Битола се зголемил на 2.150, а во разни делови на градот се наоѓале преку 20 специјални пазари: Ат-Пазар, Маст-Пазар, Житни-Пазар, Грав-Пазар, Овчи-Пазар и други.

Станувајќи пријалетско седиште, во Битола отвориле свои конзуларни претставништва: Англија, Австрија, Русија, потоа Италија, Франција, Романија, САД, Бугарија, Србија и Грција.

Во XIX век, додека во битолските села се воделе борби за зачувување на животот, имотот и честа, во Битола Македонците настојувале да ја преземат целокупната општествена дејност за да си ги задоволат своите еснафско-трговски потреби. Низ таквата борба македонското граѓанство во Битола успеало да отвори свои училишта. Во процесот на преродбата на македонскиот народ, во Битола и Битолско се водела борба за отстранување на грчкиот јазик и се отвориле македонски училишта во сите поголеми цркви и манастири.





**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**